РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО
MINISTRIA E BUJQËSISË, PYLLTARISË DHE EKONOMISË SË UJËRAVE
Бр.-Nr. 20-5215/1
27.05.2024 год.-vit/e.
СКОПЈЕ - SHKUP

27.05.2024
Н401-48/1

# МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО
# ТЕЛО ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ИПАРД

## Комитет за следење на ИПАРД Програмата 2021-2027

## Записник од вториот состанок на Комитетот за следење на ИПАРД Програмата 2021-2027

21 декември 2023
Хотел Холидеј Инн
Скопје

Арх.Бр. 20-4685/____

___.___.2023

МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО
ТЕЛО ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ИПАРД

Комитет за следење на ИПАРД Програмата 2021-2027

# Записник од вториот состанок на Комитетот за следење на ИПАРД Програмата 2021-2027

21 декември 2023
Хотел Холидеј Инн
Скопје

Арх.Бр. 20-__________/______

_____ . _____ . 2023

I. Листа на учесници

Реџаил Исмаиљи – Претседавач на комитетот за следење на ИПАРД Програмата 2021-2027.

Присутни членови на комитетот за следење на ИПАРД Програмата 2021-2027:

1. Гоце Георгиевски - Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство,
2. Назмије Идризи - Министерство за животна средина и просторно планирање,
3. Нуредин Исмаили - Министерство за локална самоуправа,
4. Игор Мојаноски – Министерство за транспорт и врски,
5. Далибор Атанасов – Секретаријат за европски прашања,
6. Владимир Петков - Факултет за ветеринарна медицина – УКИМ,
7. Ана Котевска – Факултет за земјоделски науки и храна – УКИМ,
8. Сашо Ристески - Македонска асоцијација на преработувачи,
9. Билјана Митрева - Национална федерација на фармери,
10. Петар Георгиевски – Мрежа за рурален развој,
11. Арта Старова - Македонско еколошко друштво,
12. Јелена Спасова – Занаетчиска комора на РСМ,
13. Горан Митев - Асоцијација на земјоделци,
14. Перо Моцан - Вина од Македонија,
15. Васко Ристовски – Стопанска комора на РСМ,
16. Љупчо Михајлов - Земјоделски факултет- УГД- Штип,
17. Сашо Крцоски - Мрежа на млади фармери,
18. Горан Ѓорѓиевски – Сојуз на стопански комори,
19. Лилјана Јоноски – Рурална коалиција,
20. Марина Тошеска – ЛАГ Агролидер.

Присутни заменици на членови на Комитетот за следење на ИПАРД Програмата 2021-2027:

1. Татјана Вета - Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство;
2. Дајана Тодоровска - Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство;
3. Сашо Ѓуроски - Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство;
4. Рефет Амети - Министерство за култура;

Претставници на Европска Комисија со набљудувачка улога:

1. Зиго Рутковскис - Директорат за земјоделство и рурален развој;
2. Франк Болен - Директорат за земјоделство и рурален развој.

Претставници на Делегација на Европска Унија во Република Северна Македонија:

1. Маргарита Делева - Делегација на Европска Унија во Република Северна Македонија;

Претставници од НАО и НФ:

1. Александра Симјановска – Министерство за финанси,
2. Владо Караманолевски – Министерство за финансии,
3. Елизабета Манушева Апостоловски - Министерство за финансии,
4. Лилјана Цветаноска - Министерство за финансии,
5. Александра Наковска - Министерство за финансии.

Претставници од Тело за Управување со ИПАРД (ТУ со ИПАРД):

1. Живко Брајковски - раководител на Сектор за управување со ИПАРД;
2. Игор Трошански - заменик раководител на Сектор за управување со ИПАРД;
3. Виктор Младеновски - одделение за следење на спроведување на ИПАРД фондови и известување;
4. Јасмина Хаџибулиќ - одделение за следење на спроведување на ИПАРД фондови и известување;
5. Гордана Смилеска - одделение за следење на имплементација на ИПАРД фондови и известување;
6. Кирил Ристоски - одделение за спроведување на Техничка помош од ИПАРД фондови;
7. Габриела Петрова - одделение за спроведување на Техничка помош од ИПАРД фондови;
8. Александар Антески - одделение за програмирање и проценка на ИПАРД фондови;
9. Душко Јакимовски - одделение за програмирање и проценка на ИПАРД фондови;
10. Иса Имишти - одделение за програмирање и проценка на ИПАРД фондови;
11. Саџиде Демир – одделение за спроведување на агроеколошки мерки и LEADER;

Претставници од Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој (АФПЗРР):

1. Никица Бачовски – Директор на АФПЗРР,
2. Вангел Наневски – АФПЗРР,
3. Владимир Христов – АФПЗРР,
4. Марија Благоева – АФПЗРР,
5. Панче Арсов – АФПЗРР,
6. Игор Стојменоски – АФПЗРР,
7. Елена Гаврилоска - АФПЗРР.

Претставници од Државен завод за ревизија (Ревизорско Тело):

1. Светлана Тодоровска - Ревизорско Тело,
2. Љубица Локвенец – Ревизорско Тело,
3. Емилија Атанасова - Ревизорско Тело.

Резултати: на вториот состанок на комитетот за следење на ИПАРД Програмата 2021 - 2027 учествуваа претседавачот на комитетот, 20 членови и 4 заменици со право на глас (од вкупно 32 членови со право на глас). Согласно член 8 став (3) од деловникот за работа се постигна кворум за одржување на состанокот со 2/3 од членовите со право на глас.

*Листата на присутност на членовите од првиот состанок на комитетот за следење на ИПАРД Програмата 2021-2027 е прикажана во прилог 1 од овој записник.*
*Листата на набљудувачи е прикажана во прилог 2 од овој записник.*

## II. Дневен ред за првиот состанок на Комитетот за следење на ИПАРД Програмата 2021-2027

| Бр. | Време | Предлози за точки на дневен ред | Презентира: | Документи |
|---|---|---|---|---|
| | 09:00 - 09:30 | Потврда за присуство на членови/заменици на состанокот и постигнат кворум за одржување на состанокот согласно деловникот за работа | ТУ со ИПАРД | |
| | 09:30 - 09:45 | Отворање на состанокот | Претседавач, Поздравни зборови г. Франк Болен, Раководител на одделение Г4, ГД за земјоделство, Европска Комисија | |
| 1 | 09:45 - 09:50 | Усвојување на дневниот ред | Претседавач | Предлог дневен ред |
| 2 | 09:50 - 10:00 | Усвојување на записникот од претходниот состанок на комитетот за следење на ИПАРД III | Претседавач | Конечен записник |
| 3 | 10:00 – 10:10 | Информации за спроведување на одлуките донесени на претходниот состанок на комитетот за следење на ИПАРД III | ТУ со ИПАРД | Презентирано на состанок |
| 4 | 10:10 - 10:20 | Комитет за следење на ИПА<br>а) Следење, повратни информации од комитетот за следење на ИПА | НИПАК | Презентирано на состанок |
| 5 | 10:20 - 10:40 | Состојба со спроведување на ИПАРД Програмата 2014-2020 и 2021-2027<br>а) Општи информации за спроведување на мерките на програмата врз база на показатели за следење, табели | ТУ со ИПАРД | ТУ со ИПАРД извештај |
| | 10:40 - 10:55 | б) Извештај за одобрени/одбиени/исплатени барања од ИПАРД Програмата 2014-2020 | ИПАРД Агенција | ИПАРД Агенција извештај |
| | 10:55 – 11:15 | в) Статус со ИПАРД Програмата 2021-2027 и извештај за резултатите од првиот повик по ИПАРД Програмата 2021-2027<br>г) Идни активности (вклучувајќи доверување на нови мерки) и повици во 2024 г. | ИПАРД Агенција | ИПАРД Агенција извештај |
| 6 | 11:15 - 11:30 | Информација за функционирање на системот за управување и контрола и финансиско спроведување на ИПАРД, вклучително и заработена камата | НАО | НАО извештај |
| 7 | 11:30 - 11:50 | Информација за контроли<br>а) Контроли и направени ревизии<br>б) Следење на преземени активности | ИПАРД Агенција/РТ | ИПАРД Агенција извештај /РТ извештај |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | в) Годишен ревизорски извештај | | |
| 8 | 11:50 – 12:00 | План за видливост и комуникација<br>а) Преглед на активности од годишниот акциски план за комуникација и публицитет<br>б) Планирани активности во 2024 година | ТУ со ИПАРД | ТУ со ИПАРД извештај |
| 9 | 12:00 - 12:10 | Преглед на спроведување на Планот за евалуација | ТУ со ИПАРД | Презентирано на состанок |
| 10 | 12:10 - 12:30 | Активности за техничка помош<br>а) Преглед на реализација на активности од АПТА 2023 од минатиот комитет за следење на ИПАРД III<br>б) Одобрување на индикативен годишен акциски план (АПТА) за 2024 | ТУ со ИПАРД | ТУ со ИПАРД извештај |
| 11 | 12:30 - 12:40 | Разно | Претседавач | |
| 12 | 12:40 - 12:50 | Предлози за дневен ред за следниот состанок/договор за нов датум | Претседавач | |

## III. Резултати од состанокот на Комитетот за следење на ИПАРД Програмата 2021-2027

### Отварање на состанокот

Претседавачот на Комитетот, г- дин Реџаил Исмаиљи го отвори вториот состанок на комитетот посакувајќи им добредојде на сите присутни на состанокот.

Г-дин. Франк Болен, раководител на одделението Г4 при Генералниот Директорат за земјоделство и рурален развој (ГД АГРИ), ги поздрави членовите на комитетот за следење на ИПАРД и истакна дека нашата земја е првата земја во која се завршени сите процедури поврзани со спроведувањето на ИПАРД Програмата 2021-2027 (ИПАРД 3), вклучително и потпишување на рамковната спогодба за финансиско партнерство во ноември 2023. Болен им честититаше на македонските власти, бидејќи се први кои објавиле и успешно завршиле јавен повик од ИПАРД 3, а уште повеќе го пофали интересот на барателите на овој јавен повик. Тој повика да продолжи добрата работа на македонските ИПАРД власти и во што е можно побрзо време административно да се обработат барањата, се со цел да можат македонските земјоделци и рурални чинители во поголема мера да ги искористат европските средства за развој на руралните средини. На крај, г-дин. Болен го потенцираше принципот на здрав финансиски менаџмент во спроведувањето на ИПАРД и укажа на потребата за подобрување на состојбата со човечки ресурси во ИПАРД структурите како гарант за успешно спроведување на Програмата.

Тој додаде дека е задоволен од спроведувањето на ИПАРД Програмата 2014-2020 (ИПАРД 2) и во таа насока за новата ИПАРД 3 Програма се предвидени 97 милиони €, чие искористување ќе претставува уште поголем предизвик. Затоа ги охрабри и побара од македонските власти да го забрзаат процесот за воведување на нови мерки во Програмата.

На крај, г-дин. Болен истакна дека како и претходно, така и во новиот програмски период Европската Комисија ќе обрне посебно внимание на спречување на ризици, прекршоци и неправилности и очекува како и до сега, ИПАРД структурите и членовите на комитетот и сите чинители инволвирани во спровувањето на Програмата да го сторат истото.

### Во врска со точка 1 од дневниот ред "Усвојување на предлог дневниот ред за вториот состанок на Комитетот за следење на ИПАРД 3":

Членовите на комитетот немаа забелешки во однос на дневниот ред, со што беше усвоена следнава одлука:

| |
|---|
| Одлука бр. 1: Комитетот за следење на ИПАРД 3 го усвои дневниот ред за вториот состанок на Комитетот за следење на ИПАРД 3. |

### Во врска со точка 2 од дневниот ред: "Усвојување на записникот од претходниот состанок на комитетот за следење на ИПАРД 3":

Претседавачот на комитетот информираше дека записникот од претходниот состанок на комитетот одржан на 29ти март 2023 година, е испратен до членовите на комитетот на 24ти април

2023 година. До 9[ти] мај 2023 година до секретаријатот не беа доставени коментари од членовите.

Членовите на комитетот за следење на ИПАРД немаа забелешки на записникот и беше донесена следната одлука:

| |
|---|
| Одлука бр. 2: Комитетот за следење на ИПАРД 3 го разгледа и усвои записникот од претходниот, прв состанок на Комитетот за следење на ИПАРД 3 како конечен. |

Во врска со точка 3 од дневниот ред: "Информација за спроведување на одлуките донесени на претходниот состанок на комитетот за следење на ИПАРД 3".

Раководителот на телото за управување со ИПАРД, г-дин. Живко Брајковски, информираше во однос на одлуките/заклучоците донесени на претходниот состанок на комитетот како и за одлуката донесена по пат на пишана процедура за измена на АПТА за 2023 година.

Во врска со оваа точка, членовите на комитетот го усвоија следниот заклучок:

| |
|---|
| Заклучок бр. 1: Комитетот за следење на ИПАРД 3 се информираше во однос на одлуките/заклучоците усвоени на претходниот состанок на Комитетот за следење на ИПАРД 3. |

Во врска со точка 4 од дневниот ред: "Комитет за следење на ИПА"

(a) Следење, повратни информации од Комитетот за следење на ИПА".

Претставникот на Националниот ИПА Координатор, Далибор Атанасов информираше дека потребниот персонал според анализата на обем на работа ќе биде обезбеден во сите национални ИПАРД власти пред да се префрлат мерките од ИПАРД 3. Планот за вработување и развој на човечки ресурси треба да се воспостави во согласност со планирањето за доверување на нови мерки во рамките на ИПАРД 3 до крајот на тековната 2023 година. Исто така, тој додаде дека дел од сегашниот и новиот персонал на ИПАРД Агенција ќе се преселат во во дополнително нови, целосно функционални простории најдоцна пред поднесување на мерките за превртување според ИПАРД 3.

Во врска со оваа точка, членовите на комитетот го усвоија следниот заклучок:

| |
|---|
| Заклучок бр. 2: Комитетот за следење на ИПАРД 3 се информираше во однос на комитетот за следење на ИПА. |

Во врска со точка 5 од дневниот ред: "Состојба со спроведување на ИПАРД 2 и 3 Програмата".

Во врска со подточка 5 (а) од дневниот ред: "Општи информации за спроведување на мерките на програмата врз база на показатели за следење, табели".

Претставникот на телото за управување со ИПАРД, г-дин. Виктор Младеновски детално ги презентираше резултатите од спроведувањето на Програмата и тоа по јавни повици, мерки,

типови на сектори во мерките и типови на инвестиции. Тој исто така се осврна и на географскиот аспект од спроведувањето на Програмата.

Во врска со оваа подточка, беше усвоен следниот заклучок:

Заклучок бр. 3: Комитетот за следење на ИПАРД 3 се информираше во однос на резултатите од спроведување на ИПАРД 2 и ИПАРД 3 Програмата преку податоци и показатели за следење.

Во врска со подточка 5 (б) од дневниот ред: "Извештај за одобрени/одбиени/исплатени барања од ИПАРД 2":

Податоците во однос на одобрување и плаќање на барањата, претставниците на ИПАРД Агенцијата, Вангел Наневски и Владимир Христов ги презентираа резултатите од спроведувањето на Програмата по јавни повици, со посебен осврт на последниот јавен повик 01/2023.

Директорот на ИПАРД Агенција г-дин. Никица Бачовски даде краток осврт на имплементацијата на ИПАРД 2 и ИПАРД 3 Програмата. Сите јавни повици во однос на ИПАРД 2 Програмата се завршени освен последниот (за мерка 3) кој што беше објавен на 04.08.2023 и траеше до 03.10.2023. Наскоро се очекува да започне и доделувањето на решенија за финансиска поддршка и потпишување на првите договори. Она што беше изнесено како новина е дека Агенцијата се стекна со право на користење на средства од ИПАРД 2 до крајот на 2024 година. Сите успешни проекти кои што ќе добијат соодветни решенија и ќе потпишат договори за реализација на нивните инвестиции, ќе можат во 2024 година да ги реализираат и за истите да поднесат барање за исплата.

Во однос на ИПАРД 3, беше објавен јавен повик за мерките 1 и 7 на 01.09.2023 и траеше до 30.10.2023. По потпишување на последниот договор за мерка 3 од ИПАРД 2, веќе во 2024 година се очекува јавен повик за оваа мерка од ИПАРД 3 Програмата. Интересот и пристигнатиот број на барања на јавниот повик за ИПАРД 3 ги надмина сите очекувања.

Претставникот на ИПАРД Агенцијата, г-дин. Вангел Наневски додаде дека главна причина за одбивање е некомплетност на барањата како и неспоредливоста на понудите доставени во барањето. Крајниот рок за реализација на инвестициите од последниот јавен повик од ИПАРД 2 е до 30.05.2024 година, а поднесување на барање за исплата до 30.06.2024 со цел, ИПАРД Агенцијата да има доволно време односно 6 месеци, истите барања да бидат процесирани.

Претставникот на ИПАРД Агенцијата, г-дин. Владимир Христов информираше за можноста за авансно финансирање на проектите.

Во однос на ИПАРД 3 Програмата, барањата се во фаза на административна контрола во делот на одобрување.

Во врска со оваа подточка, беше усвоен следниот заклучок:

Заклучок бр. 4: Комитетот за следење на ИПАРД 3 се информираше во однос на одобрените, одбиените и исплатените барања од ИПАРД 2 Програмата.

**Во врска со подточка 5 (в) од дневниот ред: "Статус со ИПАРД 3 Програмата и извештај за резултатите од првиот повик по ИПАРД 3 Програмата":**

Претставникот на ИПАРД Агенцијата, г- дин. Вангел Наневски детално информираше во врска со резултатите од првиот повик по ИПАРД 3 Програмата. Се очекува веќе во првиот и вториот квартал од 2024 година да се започне со склучување на договори.

Од аспект на обработката и контролата на барањата, како нови административни процеси во ИПАРД 3 Програмата, беа наведени:

- критериумот за мерка 1, контрола на големина на правен субјект (мали и средни претпријатија).
- проверка на т.н "dead weight" односно, неефикасност на јавно финансирање. За оваа цел, добиени се одредени инструкции од ГД АГРИ , како да се примени овој критериум;
- воведувањето на можноста за авансна исплата на средства.

Во врска со оваа подточка, членовите на комитетот го усвоија следниот заклучок:

**Заклучок бр. 5: Комитетот за следење на ИПАРД 3 се информираше за резултатите од првиот јавен повик од ИПАРД 3 Програмата.**

**Во врска со подточка 5 (г) од дневниот ред: "Идни активности (вклучувајќи доверување на нови мерки) и повици во 2024 година":**

Претставникот на ИПАРД Агенцијата, г- дин. Вангел Наневски информираше во однос на превземените активности за акредитацијата на мерката инвестиции во рурална јавна инфраструктура. Недостатокот на човечки ресурси и понатаму останува главен проблем, односно прашање кое сè уште не е затворено.

Во врска со оваа подточка, беше усвоен следниот заклучок:

**Заклучок бр. 6: Комитетот за следење на ИПАРД 3 се информираше за активностите, вклучително и доверувањето на правото за управување со нови мерки и повиците во 2024 година.**

**Во врска со точка 6 од дневниот ред: "Информација за функционирање на системот за управување и контрола и финансиско спроведување на ИПАРД, вклучително и заработена камата":**

Комитетот за следење беше информиран во врска со внатрешните ревизии извршени во текот на 2023 година од страна на секторот за внатрешна ревизија во рамките на секоја институција, верификациските посети како и за извештаите од Ревизорско тело.

Претставникот на НАО, Александра Симјаноста, додаде дека ИПАРД структурите во текот на 2024 година ќе бидат фокусирани на подготовката на пакетот за акредитација на новата мерка од ИПАРД 3 Програмата - инвестиции во рурална јавна инфраструктура.

Во врска со оваа точка, членовите на комитетот го усвоија следниот заклучок:

**Заклучок бр. 7: Комитетот за следење на ИПАРД 3 се информираше за функционирање на системот за управување и контрола и финансиско спроведување на ИПАРД, вклучително и заработената камата на ИПАРД еуро сметката.**

**Во врска со точка 7 од дневниот ред: "Информација за контроли".**

**Во врска со подточка 7 (а) од дневниот ред: "Контроли и направени ревизии":**

Претставникот на ИПАРД Агенцијата, г-дин. Панче Арсов информираше во однос на извршените контроли на терен. Она што беше наведено како заклучок од контролите на терен е дека е намален бројот на констатирани разлики без некои поголеми нерегуларности.

**Во врска со подточка 7 (б) од дневниот ред: "Следење на преземени активности":**

Претставникот на Ревизорското тело за ревизија на инструментот за претпристапна помош, Љубива Локвенец информираше во однос на превземените активности во 2023 година. Во текот на 2024 година ќе биде започната ревизија на системот за управување и контрола за ИПАРД 3 Програмата а тековно ќе се сублимираат и податоците за ИПАРД 2 Програмата.

**Во врска со подточка 7 (в) од дневниот ред: "Годишен ревизорски извештај":**

Претставничката на ИПАРД Агенција, Марија Благоева информираше генерално за улогата на самата агенција како и за спроведените ревизии во 2023 година.

Во врска со оваа точка, членовите на комитетот го усвоија следниот заклучок:

**Заклучока бр. 8: Комитетот за следење на ИПАРД 3 се информираше во однос на контролите, направените ревизии, следењето на превземените активности и годишен ревизорски извештај.**

**Во врска со точка 8 од дневниот ред: " План за видливост и комуникација"**

**Во врска со подточка 8 (а) од дневниот ред: "Преглед на активности од годишниот акциски план за комуникација и публицитет":**

Г-дин. Кирил Ристоски информираше за активностите во рамките на кампањата за публицитет за ИПАРД 3 Програмата, предвидени во годишниот акциски план за комуникација и публицитет на ИПАРД 3 Програмата година за 2023 година.

Во врска со оваа подточка, беше усвоен следниот заклучок:

**Заклучок бр. 9: Комитетот за следење на ИПАРД 3 се информираше за активностите од годишниот акциски план за комуникација и публицитет.**

**Во врска со подточка 8 (б) од дневниот ред: "Планирани активности во 2024 година":**

Г-дин. Кирил Ристоски го презентираше планот за видливост и публицитет на ИПАРД 3 Програмата за 2024 година.

Во врска со оваа подточка, беше усвоена следната одлука:

**Одлука бр. 3: Комитетот за следење на ИПАРД 3 го усвои планот за комуникација и публицитет за 2024 година.**

**Во врска со подточка 9 од дневниот ред: "Преглед на спроведување на планот за евалуација":**

Претставникот на Телото за управување со ИПАРД, г-дин Александар Антески ги презентираше деталите во врска со евалуацијата на ИПАРД Програмата. За 2024 година, предвидени се следниве активности:

- Идентификација на потребите за евалуација – специфични за програмата;
- Дефинирање на прашања и индикатори за евалуација – специфични за програмата;
- Идентификување на барањата за податоци за евалуација и скрининг на изворите на податоци;
- Одлучување за податоците што треба да се соберат за евалуација преку системот за мониторинг од барањата за финансиска поддршка, барањата за исплата и други алатки за мониторинг.

За реализација на овие активности, се планира ангажирање на надворешни експерти преку мерката техничка помош.

Во врска со оваа подточка беше усвоен следниот заклучок:

**Заклучок бр. 10: Комитетот за следење на ИПАРД 3 се информираше за спроведувањето на планот за евалуација.**

**Точка 10 од дневниот ред "Активности за техничка помош":**

**Во врска со подточка 10 (а) од дневниот ред "Преглед на реализација на активности од АПТА 2023 од минатиот комитет за следење на ИПАРД 3 Програма":**

Претставникот на Телото за управување со ИПАРД, г-дин Кирил Ристоски информираше за реализираните активности од АПТА за 2023.

Претставникот на рурална мрежа, г-дин Петар Ѓорѓиевски се осврна на активноста од АПТА-та за 2024 година предвидена за лаговите, односно обука за подготовка на потенцијални ЛАГ за имплементација. Тој побара, доколку е возможно, во истиот период предвиден за оваа активност, да се направи уште еден повик за останатите лагови, доколку се подготват и влезат во тој процес на нови ЛАГ-ови.

Раководителот на Телото за управување со ИПАРД, г-дин. Живко Брајковски информираше дека за лаговите се предвидени две активности во АПТА-та за 2024 односно:

- Обука за подготовка на потенцијални ЛАГ за имплементација;
- Работилница за размена на искуства помеѓу потенцијални и воспоставени ЛАГ-ови.

Работилницата ќе биде во насока на промоција на ЛАГ-овите кои што ќе успеат да се пререгистрираат, а за останатите ќе биде обезбедена информација за обуката предвидена во

март 2024 година. Иницијално е планирано, да се ангажираат експерти кои што ќе им помогнат на оние ЛАГ-ови кои нема да успеат да се пререгистрираат.

Во врска со оваа подточка, беше усвоен следниот заклучок:

Заклучок бр. 11: Комитетот за следење на ИПАРД 3 се информираше за реализираните активности од АПТА-та за 2023 година .

Во врска со подточка 10 (б) од дневниот ред "Одобрување на индикативен годишен акциски план (АПТА) за 2024":

Г-дин. Кирил Ристоски ги презентираше активностите предвидени во АПТА-та за 2024 година. Членовите на Комитетот немаа никакви забелешки.

Во врска со оваа подточка, беше усвоена следната одлука:

Одлука бр. 4: Комитетот за следење на ИПАРД 3 го разгледа и усвои индикативниот годишен акциски план за мерката техничка помош (АПТА) за 2024 година.

Точка 11 од дневниот ред "Разно":

Во однос на оваа точка, не беше покрената дискусија.

Во врска со точка 12 од дневниот ред "Предлог на дневен ред за следниот втор состанок на Комитетот за следење/договор за индикативен датум":

Претседавачот информираше дека датумот за следниот состанок ќе биде договорен во согласност со достапноста на претставниците на Европската комисија.

Претседавачот на Комитетот за следење на ИПАРД го затвори состанокот и го прогласи за успешен.

| ЗА КОМИТЕТОТ ЗА СЛЕДЕЊЕ НА ИПАРД ПРОГРАМАТА 2021-2027: | ЗА СЕКРЕТАРИЈАТОТ : |
|---|---|
| Rexhail Ismaili | Живко Брајковски |
| Титула: Претседавач | Титула: Раководител на Тело за управување со ИПАРД |
| Потпис: | Потпис: |
| Датум: | Датум: |

Прилог 1: Листа на присутни членови (или нивни заменици) на состанокот на комитетот за следење на ИПАРД Програмата 2021-2027

| Бр. | Име на членот | Институција | Присутен | Присутен (заменик член) | Заменик | Последователни отсуства |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Реџаил Исмаиљи | МЗШВ | √ | | | |
| МИНИСТЕРСТВА | | | | | | |
| 2 | Васе Симовска Бошкова | МЗШВ | / | √ | Сашо Ѓуроски | 0 |
| 3 | Гоце Георгиевски | МЗШВ | √ | | | 0 |
| 4 | Маја Лазареска Јовеска | МЗШВ | / | √ | Татјана Вета | 0 |
| 5 | Јован Стојановски | МЗШВ | / | √ | Дајана Тодоровска | 0 |
| 6 | Дана Петреска | СЕП | / | √ | Далибор Атанасов | 0 |
| 7 | Јумни Адеми | Министерство за економија | / | / | | 1 |
| 8 | Вулнет Арифи | МЛС | / | √ | Нуредин Исмаили | 0 |
| 9 | Дејан Котевски | МК | / | √ | Рефет Амети | 0 |
| 10 | Назмије Идризи | МЖСПП | √ | | | 0 |
| 11 | Игор Мојаноски | Министерство за транспорт и врски | √ | | | 0 |
| 12 | Анкица Ивановска | Министерство за труд и социјална политика | / | | | 2 |
| 13 | Ванчо Новоселски | АХВ | / | | | 1 |
| АГЕНЦИИ | | | | | | |
| 14 | Џемил Ќамили | АПРЗ | / | | | 1 |
| 15 | Маја Тасева | Агенција за поддршка на претприемништвото | / | | | 1 |
| ЕКОНОМСКИ И СОЦИЈАЛНИ ПАРТНЕРИ | | | | | | |
| 16 | Васко Ристовски | Стопанска комора на Македонија | √ | | | 0 |
| 17 | Горан Ѓорѓиевски | Сојуз на стопански комори | √ | | | 0 |
| 18 | Васка Мојсовска | Национална федерација на фармери | / | √ | Билјана Митрева | 0 |
| 19 | Сашо Ристески | Македонска асоцијација на преработувачи | √ | | | 0 |
| 20 | Стевче Стевановски | Заедница на единиците на локалната самоуправа | / | | | 1 |
| 21 | Александра Мартиновска-Стојчевска | Факултет за земјоделски науки и храна | / | √ | Ана Котевска | 0 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 22 | Агрон Фазлији | Занаетчиска комора на Република Северна Македонија | / | √ | Јелена Спасова | 0 |
| 23 | Љупчо Михајлов | Факултет за земјоделски науки и храна - УГД Штип | √ | | | 0 |
| 24 | Марина Тошевска | Агро-Лидер | √ | | | 0 |
| 25 | Петар Ѓоргиевски | Рурална мрежа на Р.М. | √ | | | 0 |
| 26 | Владимир Петков | Факултет за ветеринарна медицина | √ | | | 0 |
| 27 | Сашо Крцоски | Мрежа на млади фармери | √ | | | 0 |
| 28 | Робертина Брајаноска | Македонско еколошко друштво | / | √ | Арта Старова | 0 |
| 29 | Лилјана Јоноски | Рурална коалиција | √ | | | 0 |
| 30 | Горан Митев | Асоцијација на земјоделци | √ | | | 0 |
| 31 | Перо Моцан | Вина од МАкедонија | √ | | | 0 |
| 32 | Арбен Халили | Стопанска комора на северо- западна Македонија | / | | | 1 |
| 33 | Хазир Положани | Универзитет во Тетово | / | | | 2 |
| | ВКУПНО: | | 25 | | | |